# Зачитливи, дочитливи и препрочитливи!

**ТЕМПЛУМ**

Каталог

Пролет 019



# ТЕМПЛУМ, НАЈНОВИ ИЗДАНИЈА

1 Рихлицки и Ч. Јанчарски
**Мечето Ушко**

2 Арт Спигелман
**Маус**

3 Ѓорѓе Јовановиќ
**Хашиш**

4 П. Вулкански и Ѓ. Јовановиќ
**Текстилна поема**

5 Брадестиот Џо и Тања Аждаја
**Сеир и ништо**

6 Тања Аждаја
**Гајле Синема**

7 Андреј Ал АСади
**Друго минато**

8 Николина Андова Шопова
**Некој бил тука**

9 Тања Урошевиќ
**Ура, Арал!**

10 Јозеф Рот
**Јов**

11 Рудолф Теснохлидек
**Лиска Бистроушка**

12 Влада Урошевиќ
**Лавиринт**

13 Будимка Поповска - Буде
**Куќа на Марс**

14 Борислав Јарчевски
**Грош за Харон**

15 Зоран Анчевски
**Небесна пантомима**

16 Бранко Тричковски
**Ослободување од Македонија**

17 Ѕвездан Георгиевски
**Урбани Топоними**

18 Рамадан Рамадани
**Капиџик**

19 **Маргина 90**

саемска цена: 1200 ден.




## ЗБИГЊЕВ РИХЛИЦКИ И ЧЕСЛАВ ЈАНЧАРСКИ

### МЕЧЕТО УШКО

Приказните за Мечето Ушко првпат се објавуваат на македонски јазик,собрани на 232 страници, во луксузно издание во боја и во тврд повез.

Мечето Ушко е еден од најомилените ликови во Полска (и не само во Полска), бидејќи за генерациите што растеа во 60-ите, 70-ите и 80-ите години на минатиот век, тој беше важен дел од сеќавањата на детството, дел од колективната, неретко идеализирана меморија.Најголема популарност Ушко ја стекна во 1975 година, кога Студиото за мали филмски форми, СЕ-МА-ФОР од Лоѓ, ја создаде анимираната серија за Полската радио-телевизија.




саемска цена: 600 ден.

ЛИФТ
поврзува светови

## АРТ СПИГЕЛМАН
## МАУС

Славниот стрип „Маус“ конечно и интегрално е достапен на македонски, во исклучително издание, со тврд повез, во едицијата Лифт.

Рекле за „Маус“:
Најдобриот стрип што сум прочитал. Нема ниту еден ред, ниту еден збор повеќе. Многу директен, многу моќен, многу интригантен.

*Steve Bell*

Извонредно дело и по својата замисла и по својата изведба... истовремено и роман и документарец и мемоари и стрип. Брилијантно, едноставно брилијантно.

*Jules Feiffer*

По својот ефект врз читателот, рамен е на Кафка.

*David Levine*

саемска цена:
400 ден.




Л И Ф Т
поврзува светови

## АНРИ МИШО И ЃОРЃЕ ЈОВАНОВИЌ
## ХАШИШ

Ѓорѓе Јовановиќ, врз култниот текст на Анри Мишо (извонредна студија за дроги, со акцент на хашишот) го направи најдобриот македонски стрип албум на сите времиња! Со оваа книга Јовановиќ внесува сосема нови, мошне високи, стандарди во македонскиот стрип.

Книгава е вистински бисер, и во текстуална и во ликовна и во дизајнерска смисла.




саемска цена: 200 ден.

**ПАНДАЛФ ВУЛКАНСКИ И ЃОРЃЕ ЈОВАНОВИЌ**

## ТЕКСТИЛНА ПОЕМА

Мошне необична сликовница што можат да ја читаат и деца и возрасни. Луди јазични игри, но и мошне интересна љубовна приказна за маркизата Помпадур, Казанова и дворскиот педераст. Но тоа не е сè! Како што вели насловот на поемата, главната тема овде е текстилот, т.е. десетиците разни материјали кои се користат при кројката на текстот. Книгата има и придружен текстилен речник.

саемска
цена:
350
ден.



300 ветрила!

## БРАДЕСТИОТ ЏО И ТАЊА АЖДАЈА
## СЕИР И НИШТО

128 страници во боја со приближно исто толку цртежи, чии протагонисти имаат потенцијално блескава иднина и како анимирани јунаци.

„Сеир и ништо“ е илустрирана игранка со зборови која на посебен начин ги обединува стрипот и реченицата како жанр. Прва е од ваков вид на овие простори и има за цел на забавен и поттикнувачки начин да ги обликува визуелните кадри во главата на читателот кои се производ од прочитаните зборови, реченици и сите нивни смисли. Подеднакво е забавна за гледање за најмладите, како и за ментално вежбање за повозрасните; сосема веродостојна метафора за овој тип на книга е - „книжевна Лего-коцка”.




саемска
цена:
250
ден.

**ЛЕСНО ЗАЧИТЛИВА, ДОЧИТЛИВА И ПРЕПРОЧИТЛИВА КНИГА!**

300 ветрила!

## ТАЊА АЖДАЈА
## ГАЈЛЕ CINEMA

Збирката содржи околу 650 „афоризми“, тематски поделени во 20 поглавја.

Играта со зборови овде е забавно, духовито и врвно книжевно начело. Со едната нога во светот на афоризмите, со другата во светот на анаграмите, со третата ипол во светот на некои мутирани семантички форми родени на Интернет, книгава е жанр за себе.

Тања Аждаја уште од мали нозе трга да си ја бара среќната ѕвезда со првиот пар кондурчиња од плазма кекс. На 1 година ги губи кондурчињата во битката на Млечниот пат. На 2 години сфаќа дека многу од ѕвездите на патот по кој тргнала имаат фатено прашина, па си го купува и првиот пар свилени опинчиња за мазен ôд низ космо(хаха)осот. На 20 Тања посакува да биде вселена во срцето на астроном и почнува да нуди часови по парамесечарење. На 25 почнува да врие и да дава резултати ко на 60.

саемска цена: **200** ден.




## „РОМАН НА ГОДИНАТА“ ЗА 2018.

МАГМА

### НИКОЛИНА АНДОВА ШОПОВА
### НЕКОЈ БИЛ ТУКА

Во средиштето на приказната е татко кој се соочува со загубата на својата ќерка. Дали може да помогне бегството во нечиј туѓ стан? Мирисањето женски долен веш? Триењето на образите од рапав ѕид? Турпијата во кожа?

„Некој бил тука е психолошки убедлив и вознемирувачки длабок роман; го лови моментот кога болката станува лудило и смрт. Овде ќе сретнете мртви риби, безглави кокошки што летаат, отров во плико... – смртта демне на сите страни во романов! Обеспокојувачка драма раскажана на зачудувачки поетичен и смирен начин.“

*Никола Гелевски*




саемска цена: 200 ден.

МАГМА

## ТАЊА УРОШЕВИЌ
## УРА, АРАЛ!

Двајца млади Руси – градежниот инженер Александар и археологот Анатолиј – доаѓаат во древниот Самарканд на своите први работни задачи: градење канали кои треба да ја разнесат водата од големите реки Сир-Дарја и Аму-Дарја низ безводната пустина. Тоа се времиња кога „научниците се подготвуваа да го прекријат Сибир со плантажи од мандарини; јаболките требаше да бидат како дињи, а доматите како лубеници“.

Тања Урошевиќ е преведувач и афирматор на руската литература во Македонија. Освен многуте преводи, објавувала и свои литературни есеи, прикази и осврти низ периодиката.

Автор е на романите: „Аквамарин” и „Превид”, на збирката раскази „Црвена нишка и магнетен прстен”, на подолгиот расказ „Пораки” (во заедничка книга со Влада Урошевиќ) и на книгата на подолги раскази „Три Новели”.

саемска цена: 250 ден.




МАГМА

## ЈОЗЕФ РОТ
## ЈОВ

***роман на еден едноставен човек***

Уште во самиот наслов е најавена драматичната тема: приказната за Јов од Стариот Завет, страдалникот чие трпение Господ го става на тест. Во романот тоа е Мендел Зингер, кој работи како учител, обидувајќи се така да обезбеди скромни средства за своето семејство. Но наскоро судбината почнува да му задава удари. Се раѓа неговиот последен син Менухим, кој изгледа како да е ментално заостанат. Потоа следуваат нови казни: најстариот син мора да учествува во руската армија, вториот дезертира за Америка, ќерката има љубовни врски со козаци, а за најмладиот син изгледа како да нема надеж да се излечи со помош на некое Божје чудо.




саемска цена: 250 ден.

МАГМА

## РУДОЛФ ТЕСНОХЛИДЕК
## ДОЖИВУВАЊАТА НА ЛИСКА БИСТРОУШКА

Рудолф Теснохлидек (1882-1928) бил чешки писател, поет, новинар и преведувач.  Книгата Лиска Бистроушка е култно четиво во Чешка, важен дел и од современиот чешки идентитет.

Во весникот „Лидове новини“ (Lidové noviny) во 1920 година, излегувал серијалот за Лиска илустриран од Станислав Лолек. Книгата била објавена во 1921 година, добила државна награда и веднаш се стекнала со голема популарност. Оптимистичната приказна, која се движи некаде помеѓу сказна за деца и сатира за возрасни, станала предлошка и за операта на Леош Јаначек, „Доживувањата на Лиска Бистроушка“ (1923).

саемска
цена:
200
ден.




## ДОБИТНИК НА НАГРАДАТА „НОВИТЕ!“ ЗА 2018

КАТАПУЛТ

**АНДРЕЈ АЛ АСАДИ**

**ДРУГО МИНАТО**

Книгата е составена од девет меѓусебно поврзани раскази во кои протагонистите ненадејно заталкуваат во најопскурните прашања за животот, постоењето и сепството. Реалноста во која живеат се крши и извива откривајќи ги нестабилните дефиниции на времето и просторот, преклопувањата на сонот и јавето, произведувајќи луѓе и предмети со чудни моќи – сето тоа процедено низ ситото на древните суфиски поети. Книгата емитира мистична заводливост.




саемска цена: 300 ден.

модерна македонија

## ВЛАДА УРОШЕВИЌ
## ЛАВИРИНТ

Годинава ја славиме шеесетгодишнината од првата стихозбирка и, воопшто, првата објавена книга на Влада Урошевиќ: Еден друг град (1959).

Песните во книгава -144 на број, распоредени, по 12, во 12 циклуси - исцртуваат лавиринт.

**ПЕЈАЧ ВО КУЛАТА**
Кој е па толку улав
да пее во таа кула?

Скалите водат во понор.

Од врвот не прокапува а врне.
Внатре е мрачно како во грне.

Да не ти се пристори ни во сонот.

А внатре сепак некој пее.
Не е со сите, но и луд не е.

саемска цена: 250 ден.




## СОНУВАЧКАТА НА ВОЛАН ВО ХОТЕЛОТ ЗА МАРСОВКИ!

300 ветрила!

### БУДИМКА ПОПОВСКА - БУДЕ
### КУЌА НА МАРС

Оваа книга настана во еден здив за време на мојот престој „Во хотелот за Марсовки“, помеѓу смртта на Милан, Хинки, Меги и Шуки во средната точка помеѓу Индиски и Тихи Океан... Помеѓу „Само чекам да помине“ и „Тргни, трни кон мене“, „Ми треба свет отворен за 5000 луѓе“, и „Не се доволни зборови, само обични зборови“. На само 50 метри од Вардар, реката во која сосема случајно потона мојот кревет, една мирна ноќ во јуни. Среќа што во тој миг (не) бев во него. Скопје мирисаше на задоцнети јоргovани, печени пиперки и цимет, а градската служба за влечење никогаш не успеа да го најде... Ме извадија само мене, и тоа одеше како ударна вест на сите портали. И додека од реката вадеа стари шпорети, телевизори, грамофони и машини за мраз, сфатив дека за да сонуваш на големо, сонот не мора да е голем, и не ти треба кревет. Треба само да знаеш дека сè е сон, и дека ти си сонувачот што го држи воланот.




саемска цена:
**250**
ден.

300 ветрила!

## БОРИСЛАВ ЈАРЧЕВСКИ
## ГРОШ ЗА ХАРОН

Ова е поезија што има сè. Има игра, има правила на игра, има слобода, има строгост, има заебанција, има курташак, има стапка, има отстапка и има јазик различен од обичен, и без претерување и без ласка ќе кажам дека друга слична на оваа книга поезија кај нас – нема.

*Ѓоко Здравевски*

Борислав Јарчевски (1993) е роден и живее во Скопје. Дипломиран е на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Меѓу другото, се занимава со музика, превод и поезија. Поранешен член е на музичките состави „Нова Генерација“ и „Клетото Тројство“. „Грош за Харон“ е негова дебитантска стихозбирка.

саемска
цена:
250
ден.




## ЗОРАН АНЧЕВСКИ
## НЕБЕСНА ПАНТОМИМА

Примерот на Анчевски, согледан во рамките на развојот на македонската поезија во последните неколку децении, е приказна за обидот да се излезе од традицијата, но и за судбинската условеност да се остане во нејзините граници кои, притоа, постојано с е шират.

*Влада Урошевиќ*

Врз примерот на Зоран Анчевски нашата поезија покажува дека [...]
во поетот на нашето доба проговориле повеќе типови говори и дека семиотичкиот полиглотизам се повеќе станува негов raison d’etre.

*Венко Андоновски*

Поезијата на Зоран Анчевски настанува во една компликувана, умножена, многугласна и, ако сакате, брутална лирска атмосфера.

*Атанас Ванѓелов*




саемска цена: 600 ден.

650 СТРАНИЦИ!

КОЛУМНИ ПИШУВАНИ ВО 2017 И 2018 ГОДИНА.

Градат

## БРАНКО ТРИЧКОВСКИ
## ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД МАКЕДОНИЈА

Потонување на општеството во варваризам (Срѓа Поповиќ) е состојба што настанува кога општеството ќе успее да ја убие смислата за себе и во себе и да ја минира карабината од право и правда, морал и институционален ред, од сеќавањата за себе, инсталацијата во која смислата добивала своја форма.

Во науката е познато (Нојман) дека, кога ќе ја освои власта, регресивното масовно движење мора да го институциона лизира стравот за да може да го одржува идентификувањето со водачот. Тоа се прави преку терор, пропаганда и заеднички направено злосторство!

саемска цена: 500 ден.

380 СТРАНИЦИ ПОСВЕТЕНИ ГЛАВНО НА СКОПЈЕ...




**SВЕЗДАН ГЕОРГИЕВСКИ**

**УРБАНИ ТОПОНИМИ**

Серијата колумни „Урбани топоними“ е објавувана во 2013 и 2014 година - тоа е периодот на завршната фаза на целосното уништување на урбаните и јавните простори во Скопје. Тематската определба на колумните не произлезе од потребата да се предупреди или да се критикува, туку имаше амбиции да биде своевиден потсетник на времето кога постоеја шанси да се развие квалитетна урбана култура. Зашто без вистински урбани топоними, нема ни вистинска урбана култура.

*Sвездан Георѓиевски*

Урбаните есеи на Sвездан Георгиевски се несекојдневна прошетка низ урбаното Скопје.

Книгава е колективен мементо кој служи да ги потсети скопјаните на подзаборавеното и богато урбано идентитетско наследство.

саемска
цена:
500
ден.




**РАМАДАН РАМАДАНИ**

**КАПИЏИК**

Збирка избрани колумни пишувани и објавени во неделникот „Фокус“ меѓу 2012 и 2017 година.

Обединување на поделената јавност, но и вратиче од кое сакам да провејуваат зборови и значења кои ќе придонесат за разбирање на луѓето во Македонија и на луѓето со Македонија. Затоа го избрав насловот Капиџик – „мала врата на ограда меѓу две соседни куќи“. А ова може да биде поднаслов на книгава: „Македонија без луѓе е овошна салата; луѓето без Македонија се овошја во туѓи салати“.

Рамадан Рамадани, роден во Скопје 1972. Оџа, дипломиран на Иса Бег медресата во Скопје и на Теолошкиот факултет на Мармара во Истанбул. Доктор по историски науки , долгодишен активист во разни, формални и неформални, граѓански иницијативи. Аналитичар кој објавува на албански и македонски јазик во Македонија и на други јазици во регионот.




саемска цена: 300 ден.

МарГиНа

## СПИСАНИЕ МАРГИНА, БРОЈ 90

100 ГОДИНИ ЈУГОСЛАВИЈА, 75 ГОДИНИ АВНОЈ
Пишуваат: Горан Стефановски, Борис Буден, Виктор Иванчиќ, Румена Бужаровска, Андреј Николаидис, Драго Бојиќ, Мирјана Карановиќ, Вјекослав Перица, Мира Богдановиќ, Мари Жанин-Чалиќ, Мирослав Грчев, Дејан Илиќ, Срѓан Карановиќ, Каталин Ладик, Никола Гелевски, Марио Мрдуљаш, Јетон Незирај, Давор Сучиќ (Сејо Сексон), Иван Ивачковиќ, Ана Хофман, Желимир Жилник, Рајко Грлиќ, Надежда Чачиновиќ, Растко Мочник, Будимир Лончар, Младен Долар, Горан Војновиќ, Мики Манолојовиќ, Анте Лешаја, Маша Колановиќ, Весна Тершелиќ, Златко Диздаревиќ, Дејан Јовиќ, Снежана Кордиќ, Тања Петровиќ, Загорка Голубовиќ, Влада Урошевиќ, Штефица Галиќ, Душко Вујошевиќ, Милан Гавровиќ, Роберт Ботери, Боривој Довниковиќ Бордо, Јурица Павичиќ, Сњежана Бановиќ, Борка Павичевиќ и Петар Гошев.

МОЈАТА ЛИЧНА, ПРИВАТНА ЈУГОСЛАВИЈА
Пишуваат: Линдита Кадриу, Димитрие Дурацовски, Срѓан Јаниќиевиќ, Оливера Ќорвезироска, Горан Стефановски

ЗОРАН КАРДУЛА
ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН НИЗ РЕДИЗАЈНИ

ПАКЕТ
ОД 8 КНИГИ
ВО ТВРД
ПОВЕЗ
ОД СТРИП
ЕДИЦИЈАТА
Л И Ф Т

ЗА САМО
4000 ДЕН.




1

**КИРЧО АРСОВСКИ**

ARE YOU SCHIZOID?



2

**ФРЕДЕРИК ПЕТЕРС**

СИНИ ПИЛУЛИ



3

**АЛСОН БЕХДЕЛ**

FUN HOME



4

**ИБЕР / КЕРАСКУЕТ**

ГОСПОЃИЦАТА НЕДОПИРКА



5

**СЕТ**

ЖИВОТОТ Е ДОБАР...



6

**КИРЧО АРСОВСКИ**

INTERVIEW



7

**МИШО / ЈОВАНОВИЌ**

ХАШИШ




8

**АРТ СПИГЕЛМАН**

МАУС



# ПАКЕТ

ОД ДВЕ ХИТ КНИГИ
ЗА САМО

**500 ден.**

**ТАЊА АЖДАЈА - ГАЈЛЕ CINEMA**
650 виртуозни досетки!

**БРАДЕСТИОТ ЏО И ТАЊА АЖДАЈА - СЕИР И НИШТО**
Околу 120 лудо духовити цртежи во боја!




ЦРТЕЖИ НА КОРИЦИТЕ:
БРАДЕСТИОТ ЏО